# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП

Број 11/2018 Пробиштип 21.06.2018 година Излегува по потреба


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2005) и член 38 став 1 од Статутот на општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015), Градоначалникот на општина Пробиштип го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на актите на Советот на општина Пробиштип

I. Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пробиштип на седницата бр.11 одржана на ден 20.06.2018 година и други акти, во Службен Гласник на општина Пробиштип и тоа:

1. Одлука за распишување на избори во Месните самоуправи во Општина Пробиштип бр. 26-592/3,
2. Одлука за изменување Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Пробиштип бр. 26-592/4,
3. Одлука за проширување на буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година во делот на донации бр. 26-592/5,
4. Одлука за проширување на буџет на Општина Пробиштип за 2018 година во делот на самофинансирачки активности бр. 26-592/6,
5. Одлука за давање на невижна ствар -канцеларија на времено користење бр. 26-592/7,
6. Одлука за за престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани бр. 26-592/8,
7. Согласност на Финансиски извештај на ЈКП Никола Карев за период од 01.01. до 31.03.2018 бр. 26-592/9,
8. Согласност на Правилник за утврдување на плати и други парични надоместоци на вработените во ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 26-592/10,
9. Согласност на Одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП Никола Карев Пробиштип бр. 26-592/11,
10. Програма за изменување и дополнување на Програма за спроведување на активности на спортските друштва во општина Пробиштип и за активности на општината во спортот за 2018 година бр. 26-592/12.

11. Програма за изменување и дополнување на Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-592/13,
12. Програма за изменување и дополнување на Програма за социјална детска и здравствена заштита на Општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-592/14,
13. Одлука за аплицирање по Програмата Interra-IPA CBC помеѓу Бугарија и Makедонија CCI2014TC16I5CB006 I javniot povik 2014TC16I5CB006-2018-2 бр. 26-592/15,
14. Заклучок по барање од Воислав Николов од Пробиштип бр. 26-592/16-1,
15. Заклучок по барање од Љубинка Јордева од Пробиштип бр. 26-592/16-2,
16. Заклучок по барање одВиолета Врховац од Пробиштип бр. 26-592/16-3,
17. Заклучок по барање одАнка Митева од Пробиштип бр. 26-592/16-4,
18. Заклучок по барање одСветлана Стојанова од Пробиштип бр. 26-592/16-5,
19. Заклучок по барање од Славчо Донев од Пробиштип бр. 26-592/16-6,
20. Заклучок по барање одЕлизабета Панова од Пробиштип бр. 26-592/16-7,
21. Заклучок по барање одВаска Васиљкова од Турско Рудари бр. 26-592/16-8,
22. Заклучок по барање одИљо Тодосов од Злетово бр. 26-592/16-9,
23. Заклучок по барање одСуза Велкова од Злетово бр. 26-592/16-10,
24. Заклучок по барање од Димче Горгиев од Пробиштип бр. 26-592/16-11,
25. Заклучок по барање од Иницијативен одбор на манифестација Сии Проџект преку Слобдан петковски од Пробиштип бр. 26-592/16-12,
26. Заклучок по барање од Убавка Иковиќ од Пробиштип бр. 26-592/16-13,
27. Заклучок бр. 26-592/4-1

II.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 08-592/18 ГРАДОНАЧАЛНИК НА
21.06.2018година ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Пробиштип Драган Анастасов с.р.

---

Врз основа на член 21 став 1 точка 43 а во врска со член 95-110 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005, 25/2014 I 29/2015), на предлог на Градоначалникот, Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за распишување на избори во Месните самоуправи**
**од Општина Пробиштип**

Член 1

Се задолжува Градоначалникот на општина Пробиштип да распише избори за Совет и Претседател во Месните заедници во населените места од општината и урбаните заедници во градот Пробиштип.

Член 2

Се задолжуват Комисијата за месна самоуправа при Советот на општината да ги преземе сите потребни мерки за легитимно спроведување на изборите во Месните самоуправи.

Член 3

Изборите да се спроведат во рок од 90 дена од распишувањето, согласно позитивните законски прописи од оваа област.

Член 4

Одлуката стапува во сила од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/3 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ПРОБИШТИП Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 2 од Законот за комуналните такси (Службен Весник на Република Македонија 61/2004, 64/2005, 92/2007, 123/2012,154/2015, 192/2015 и 23/2016) , член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоупрва(Службен весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Службен гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За измени и дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси за општина Пробиштип

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување и дополнување дополнување на Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси во општина Пробиштип објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр. 7/2009 и 14/2013) и тоа:

Во членот 6 ставот 1 се менува и гласи:

„ За користење на простор пред деловните прстории за вршење на дејност ................................................................5 денари/м2 дневно. ”

Ставот 2 се брише.

Ставот 3 станува став 2.

Член 2

Оваа Одлука стапува на сила осум дена од објавување во Службен гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/4 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ПРОБИШТИП Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 26 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008;

103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Самофинансирачки | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| 742114 Приходи од Европска унија | 0 | 0 | 3.020.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 3.020.000 | 0 |
| И се распоредуваат на следните расходни потставки: | | | | |
| **ЕА0 КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ НА ОПШТИНАТА** | | | | |
| 481230 Реконструкција на деловни објекти | 0 | 0 | 2.600.000 | 0 |
| **G10 ПОДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 420.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 3.020.000 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-592/5
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 26 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на Република Македонија бр. 5/2002) а во врска со член 34 од Законот за буџети (Службен Весник на Република Македонија бр. 64/2005; 4/2008; 103/2008; 156/2009; 95/2010; 180/2011; 171/2012; 192/2015 и 167/2016) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година**

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | Самофинансирачки | Дотации | Донации | Кредити |
|---|---|---|---|---|

Се зголемуваат приходите на следните потставки:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 723111 Целодневна и претшколска грижа | 450.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 450.000 | 0 | 0 | 0 |

И се распоредуваат на следните расходни потставки:

**V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 420110 Патување во земјата-хранарина (дневници) | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 350.000 | 0 | 0 | 0 |
| | 450.000 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Пробиштип за 2018 година, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-592/6
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 64 став 3 од законот за локалната самоуправа ( Службен Весник на република Македонија бр.5/2002) и член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (Службен Весник на Република Македонија бр. 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016 и 21/2018) а во врска со Барањето од Министарството за труд и социјална политика бр.10-82/1 од 09.11.2017 година и Извадокот од Нацрт записникот од седумдесет и првата седница на Владата на Република Македонија одржана на 05.06.2018 година, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018година ја донесе следната:

ОДЛУКА

За давање на недвижна ствар-канцеларија на времено користење без надоместок

Член 1

Со оваа одлука се дава на времено користење без надоместок недвижна ствра во сопственост на Општина Пробиштип-канцеларија во Дом на култура Злетовски Рудар Пробиштип на кат-приземје со површина од 34 м2, на Министерството за труд и социјална политика, Центар за социјални работи-Пробиштип за администрирање на правата од обласна на социјалната заштита и заштитата на децата .

Член 2

Министерството за труд и социјална политика, Центар за социјални работи-Пробиштип се обврзува канцеларијата да ја користи за намената за која е дадена,

за администрирање на правата од областа на социјалната заштита и заштитата на децата, редовно тековно да ја одржува на свој трошок како и да ги плаќа трошоците за комунални услуги (струја, вода и телефон) .

Член 3

Доколку Општината има потреба за користење на оваа канцеларија, за престанок на правото на користење одлучува Советот на Општина Пробиштип.

Член 4

За регулирање на меѓусебните права и обврски Општина Пробиштип ќе случи договор со Министерството за труд и социјална политика, Центар за социјални работи-Пробиштип .

Член 5

Одлуката стапува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип

Број 26-592/7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51, 538 и 539 од законот за трговските друштва (Службен Весник на РМ бр. 28/04, 84/05, 25/07 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13 и 187/13) Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

За престанување со работа и спроведување на ликвидација, промена на назив на фирма, промена на скратен назив на фирма и назначување на ликвидатор на Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани

Член 1

Со оваа одлука престанува со работи и се спроведува постапка за ликвидација на Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани со седиште во Кочани, на ул. „Раде Кратовче,, бр.1.

Член 2

Основниот влог во износ од 307.500,00 денари, се враќа на основачоте, односно на:

-Општина Пробиштип во висина од 50 % од основачкиот влог или 153.750,00 денари и

-Општина Пробиштип во висина од 50 % од основачкиот влог или 153.750,00 денари.

Член 3

Се менува називот на фирмата Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани и гласи: Заедничко јавно претпријатие ПОНИКВА КП-Кочани - во ликвидација.

Се менува скратениот назив на фирмата ЗЈП ПОНИКВА КП-Кочани и гласи: ЗЈП ПОНИКВА КП-Кочани-во ликвидација.

Член 4

Петар Апостолов-Дипл. геодетски инженер, со адреса на живеење на ул.Скоевска бр.6-Кочани, се разрешува од функцијата лице кое ги врши работите на ЗЈП ПОНИКВА КП-Кочани до негово конституирање и се именува за ликвидаторна ЗЈП ППОНИКВА КП-Кочани-во ликвидација.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

Број 26-592/8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став, 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/2002), член 21, став 1, точка 31 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 11, став 1, точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 и 64/18) Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година, расправајќи по Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01. до 31.03.2018 година, бр.05-381/1 од 09.05.2018 година, ја донесе следната :

## О Д Л У К А
## за давање на согласност на Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2018 година за 2017 година

Член 1

Се дава согласност на Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01. до 31.03.2018 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Финансискиот Извештајот на ЈКП „Никола Карев“ од Пробиштип за период од 01.01 до 31.03.2018 година бр.05-381/1 од 09.05.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.07.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002) и член 11, став 1, точка 6 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016

и 64/18), Советот на општина Пробиштип расправајки по Барањето Согласност на Правилник за утврдување на плати и други парични надоместоци на вработените во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип, на седницата одржана на ден 20.06.2018 година донесе:

ОДЛУКА
за давање СОГЛАСНОСТ на Правилник за утврдување на плати и други парични надоместоци на вработените во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилник за утврдување на плати и други парични надоместоци на вработените во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Правилник за утврдување на плати и други парични надоместоци на вработените во Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип бр. 01-513/1 од 12.06.2018 година и Одлуката од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев „ Пробиштип бр. 02-509/1 од 12.06.2018 година.

Член 3

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/10
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа ( Службен Весник на РМ бр. 5/2002) и член 11, став 1, точка 1 од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015, 39/2016 и 64/18), Советот на општина Пробиштип расправајки по Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип, на седницата одржана на ден 20.06.2018 година донесе:

ОДЛУКА
за давање СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип

Член 1

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип.

Член 2

Составен дел на оваа одлука е Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Никола Карев„ од Пробиштип бр. 02-510/1 од 12.06.2018 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/2014 и 29/2015), на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година ја усвои следната:

ПРОГРАМА ЗА
ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ НА СПОРТСКИТЕ ДРУШТВА ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП И ЗА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАТА ВО СПОРТОТ ЗА 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа програма се врши изменување и дополнување на Програма за спроведување на активностина спортските друштва во општина Пробиштип и за активностите на општината во спортот за 2018 година број 26-851/189 од 01.12.2017 година, со што во рамки на предвидените активности се менува точката 17 - ,,поддршка на спортски манифестации кои ќе се одржат во нашата општина и надвор од општината во други градови на Македонија и надвор од неа,, и наместо ,,100.000,00 денари,, ќе стои ,,60.000,00 денари,, . Точката 18, ,,поддршка на новоформирани клубови во текот на 2018 година,, се менува и наместо ,,50.000,00 денари,, ќе стои ,,30.000,00 денари,, . Исто така се менува и точката 19 ,, одржување и мали интервенции на спортските терени во општина Пробиштип,, и наместо предвидените ,,50.000,00 денари,, ќе стои ,,40.000,00 денари,, . Табелата се надополнува со нова точка бр. 20, каде ќе стои ,,Награди на спортски друштва на државни и меѓународни натпревари,, со износ од ,, 70.000,00 денари,, .

**Член 2.**

Програмата за изменување и дополнување на програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став1 точка1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) и член 21 став1 точка 11, а во врска со член 15, став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Сл. Гласник на општина Пробиштип 4/2005), на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип,

Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година ја усвои следната:

ПРОГРАМА ЗА
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ, МАНИФЕСТАЦИИ И НАСТАНИ ВО ОПШТИНА ПРОБИШТИП ЗА 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Со оваа програма се врши дополнување на Програма за одбележување на празници, манифестации и настани во општина Пробиштип за 2018 година бр. 26-851/18 од 01.12.2017 година, односно во точката 18 ,, 28 Август - Голема Богородица, Ден на рударите, патрон на градот,, предвидените активности се надополнуваат со ,,Свечена седница - Доделување на вредносни ваучери на ученици и ментори кои имаат освоено награди на државни и меѓународни натпревари,, .

**Член 2.**

Програмата за дополнувањето на програмата влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/13
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа(Службен Весник на РМ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 11 а во врска со член 15 став 1, точка 5 од Статутот на општина Пробиштип (Сл.Гласник на општина Пробиштип 4/2005, 25/14 и 29/15), на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, Советот на Општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година ја усвои следната:

ПРОГРАМА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ДЕТСКА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 2018 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Програма се врши изменување и дополнување на Програмата за социјална, здравствена и детска заштита за 2018 година број 26-851/23 од 01.12 2017 година објавена во Службен Гласник на Општина Пробиштип бр.3/2017) во табелата „Финансиска рамка за програмата за социјална, здравствена и детска заштита,, и тоа во:

- точката 14 „Лекарски прегледи на дојка“ наместо предвидените финансиски средства од 135.000,00 денари ќе стои износ од 75.000,00 денари.

Член 2

Програмата за Социјална, здравствена и детска заштита за 2018 година по точката 16 се надополнува со нова точка 17 која гласи: „Остварување на право на партиципација во јавна установа-Детска градинка“ во износ од ,, 60.000,00 денари,, согласно Правилникот за поблиските услови, критериумите и начинот на остварување на правото на партиципација во трошоците за згрижување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавни установи за деца (Службен Весник на Република Македонија бр. 19/14, 48/18).

Член 3

Програмата за изменување и дополнување на програмата за социјална, здравствена и детска заштита за 2018 година влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/14 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 а во врска со член 22 став 1 точка 5 од Законот за Локалнна самоуправа (Службен весник на РМ бр 5/2002) и член 21, став 1, точка 43, а во врска со член 12 став 1 од Статутот на Општина Пробиштип ( Службен Гласник на општина Пробиштип бр. 4/2005. 25/2014, и 29/2015), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година ја донесе следната одлука:

**ОДЛУКА**

За аплицирање по Програмата
Iterreg –IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија
CCI2014TC16I5CB006 и Јавниот повик 2014TC16I5CB006-2018-2

**Член 1**

Советот на Општина Пробиштип дава согласност и поддршка за подготовка и имплементација на проектот „Пријатели на родниот крај -иницијатива за зачувување и одржливо користење на природните ресурси “, каде водечки партнер на проектот е Општинското Основно Училиште Никола Карев од Пробиштип во партнерство со Средното училиште Јане Сандански од Гоце Делчев, во рамките на Програмата Iterreg –IPA CBC помеѓу Бугарија и Македонија CCI2014TC16I5CB006 и Јавниот повик 2014TC16I5CB006-2018-2

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/15 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 і 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година, расправајќи по барањето од Воислав Николов ул. Миро Барага бр.26 Пробиштип бр. 26-577/1 од 07.06.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Воислав Николов ул. Миро Барага бр.26 Пробиштип бр. 26-577/1 од 07.06.2018 година, за изградба на потпорен ѕид, се разгледа.
2. Барањето да се достави до Одделението за комунални работи, патишта и улици и согласно Програмата за локални патишта и улици на Општина Пробиштип за 2018 година доколку потребата од потпорен зид е реална и неопходна, да се предвиди во соодветна јавна набавка за реализација.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-1
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година, расправајќи по барањето од Љубинка Јордева ул. Кочо Рацин бр.93 Пробиштип бр, 26-507/1 од 09.05.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Љубинка Јордева ул. Кочо Рацин бр.93 Пробиштип бр, 26-507/1 од 09.05.2018, за ослободување од месечни давачки за комунални услуги спрема ЈКП Никола Карев Пробиштип, се разгледа.
2. Барањето да се достави до ЈКП Никола Карев Пробиштип заради утврдување на фактичката состојба и преземање на соодветни мерки за решавање на проблемот.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-2
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Виолета Врховац ул.Јаким Стојковси бр.28 Пробиштип, бр. 26-485/1 од 07.05.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Виолета Врховац ул.Јаким Стојковски бр.28 Пробиштип, бр. 26-485/1 од 07.05.2018 година, за обезбедување на еднократна парична помош за

лекување се прифаќа и се одобруват 3.000 денари согласно Правилникот како финансиска помош на семејство во социјален ризик.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-3
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Анка Митева ул.Даме Груев бр.74Г Пробиштип бр. 26-576/1 од 05.06.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Анка Митева ул.Даме Груев бр.74Г Пробиштип бр. 26-576/1 од 05.06.2018 година, за одобрување на еднократна парична помош поради смрт на сопруг и мајка се прифаќа и се одобруват 3.000 денари согласно Правилникот како финансиска помош на семејство во социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-4
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Стојанова Светлана ул. Јаким Стојковски бр.100 Пробиштип бр. 26-519/1 од 11.05.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Стојанова Светлана ул. Јаким Стојковски бр.100 Пробиштип бр. 26-519/1 од 11.05.2018 година, за одобрување на еднократна парична помош за лекување на седумгодишно дете од инфативна церебрална парализа, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари за лекување на дете согласно Правилникот како категорија на лица зафатени со големи несреќи.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-5 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Славчо Донев ул.28-ми Август бр.7 Пробиштип бр.26-537/1 од 16.05.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Славчо Донев ул.28-ми Август бр.7 Пробиштип бр.26-537/1 од 16.05.2018 година, за одобрување на еднократна парична помош за лекување, се прифаќа и се одобруват 3.000 денари за лекување согласно Правилникот како финансиска помош на семејство во социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-6 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Елизабета Панова ул.Миро Барага бб Пробиштип, бр. 26-540/1 од 20.06.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Елизабета Панова ул.Миро Барага бб Пробиштип, бр. 26-540/1 од 17.05.201, за одобрување на еднократна парична помош за лекување на петгодишно дете од тумор на десен бубрег, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари за лекување на дете согласно Правилникот како категорија на лица зафатени со големи несреќи.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-7 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Васка Васиљкова од село Турско Рудари бр. 22-543/1 од 21.05.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Васка Васиљкова од село Турско Рудари бр. 22-543/1 од 21.05.2018 година, за одобрување на еднократна парична помош за купување на огревно дрво, не се прифаќа бидејќи барателот не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип, односно барателот веќе има искористено средства од Буџетот на Општината за 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-8 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Ињо Тодосов ул. Маршал Тито бр.190 Злетово, бр. 26-547/1 од 23.05.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Ињо Тодосов ул. Маршал Тито бр.190 Злетово, бр. 26-547/1 од 23.05.2018 година, за одобрување на еднократна парична помош за промена на кров, врати и прозорци, не се прифаќа бидејќи барателот не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип, односно барателот веќе има искористено средства од Буџетот на Општината за 2018 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-9 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Суза Велкова ул. Маршал Тито бр.20 Злетово, бр. 26-497/1 од 08.05.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од Суза Велкова у. Маршал Тито бр.20 Злетово, бр. 26-497/1 од 08.05.2018 година, за одобрување на еднократна парична помош за лекување, се прифаќа и се одобруват 3.000 денари за лекување согласно Правилникот како финансиска помош на семејство во социјален ризик.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-10 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од од Димче Горгиев ул.Илинденска бр.26 Пробиштип бр. 26-586/1 од 08.064.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***ЗАКЛУЧОК***

1. Барањето од од Димче Горгиев ул.Илинденска бр.26 Пробиштип бр. 26-586/1 од 08.064.2018 година, за обезбедување на парична помош за патување во Кочани како ветерани на КК Рудар Пробиштип, не се прифаќа бидејки барателот не ги исполнува условите од Правилникот за условите, критериумите и начинот на остварување на правото на еднократна парична помош по барања поднесени до општина Пробиштип. Во Програмите на Општина Пробиштип за 2018 година нема предвидено средства за патување на неформални групи.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-11 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од иницијативен одбор на Сити Проџект манифестација на млади со прогресивна мисла од Пробиштип, бр. 26-605/1 од 13.06.2018 а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од иницијативен одбор на Сити Проџект манифестација на млади со прогресивна мисла од Пробиштип, бр. 26-605/1 од 13.06.2018 поднесено преку Слободан Петковски од Пробиштип, за обезбедување на парични средства за одржување на манифестацијата Сити проџект во Пробиштип на Аква Паркот во Пробиштип, се разгледа.
2. Барањето да се достави до Одделениeто за јавни дејности во Општина Пробиштип и доколку има планирано средства во Програмата за одбележување на празници, манифестации и настани во Општина Пробиштип за 2018 година истото да се одобри.
3. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-12 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 I 29/2015 ) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 27.04.2018 година, расправајќи по барањето од Убавка Иковиќ ул. Доне Божинов бр.25 Пробиштип бр. 26-610/1 од 14.05.2018 година а на предлог на Комисијата за молби и барања, го донесе следниот:

***З А К Л У Ч О К***

1. Барањето од Убавка Иковиќ ул. Доне Божинов бр.25 Пробиштип бр. 26-610/1 од 14.05.2018 година, за одобрување на еднократна парична помош за лекување на дете настрадано во тешка сообраќајна несреќа, се прифаќа и се одобруват 15.000 денари за лекување на дете согласно Правилникот како категорија на лица зафатени со големи несреќи.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/16-13 СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
20.06.2018 година ПРЕТСЕДАТЕЛ
Пробиштип Љупчо Благоевски с.р.

---

Врз основа на член 51 став 1 од Статутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005, 25/2014 и 29/2015) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), Советот на општина Пробиштип на седницата одржана на ден 20.06.2018 година го донесе следниот:

З А К Л У Ч О К

1. Се задолжуваат општинската администрација на Општина Пробиштип и Градоначалникот на Општината да достават барање до Државниот пазаршен инспекторат заради преземање на мерки согласно Законот за комунални такси, за користење на простор пред деловните објекти од страна на деловните субјекти во Општина Пробиштип заради зголемување на наплата на комуналната такса како приход на општината.
2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во Службен Гласник на општина Пробиштип.

Број 26-592/4-1
20.06.2018 година
Пробиштип

СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Љупчо Благоевски с.р.